Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 28.02.2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2013 година

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Годишниот извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2013 година, изготвен и предложен од Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово, а усвоен со Одлука на Управниот одбор на Јавното претпријатие бр.02-34/1 од 17.02.2014 година.

Годишниот извештај е во прилог на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.07-356/1
28.02.2014 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ИНФРАСТРУКТУРА „КРАТОВО“ ОД КРАТОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА КРАТОВО ЗА 2014 ГОДИНА

ФЕБРУАРИ 2015

Извештајот се однесува за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2014 година.

1. **Изградба на улици**

Со програмата за уредување на градежно земјиште , изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2014 година беше предвидено да се изградат нови улици и да се изврши реконструкција на стари улици во градот и општината.

Во текот на 2014 година реализирани се изградба и реконструкција на следниве улици:

-Поплочување на улица „Иван Андреев" со бехатон плочи во должина од 110 м

- Преredување на пропаднатата коцка на улица „Јосиф Даскалов"

- Санација на улица „Браќа Миладинови" , „ Љубљанска" и „Ѓорѓи Какашевски" (Млачки пат)

**2. Изградба на тротоари и пешачки патеки**

Во текот на 2014 година од планираните тротоари и пешачки патеки со програмата за уредување на градежно земјиште , изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2014 година реализирани се следниве пешачки патеки:

-Изградба на плато со бехатон плочи на улица „Бреза" до спортско игралиште „Мусала" во површина од 100 $м^2$

-Расчистување на пешачки патеки во паркот „Карши бавча" со реконструкција на дрвениот мост за приод до изградениот амфитеатар.

**4. Расчистување на диви депонии**

Во текот на 2014 година продолжено е со расчистување на диви депонии како во градот така и во населените места во општината

-Во склоп на акцијата Ден на Дрвото извршено е пошумување на голини во Кратово м.в. „Дуп".

-Со акцијата „Македонија без отпад" е извршено чистење од отпад на дивите депонии на локалитетот , м.в. Кошари , Автобуска станица како и покрај Здравен дом Кратово

-Преку програмата за организирање на Јавни работи извршено е уредување на паркот „Карши бавча" со изградба на зид за заштита од атмосверски влијанија врз објектот Пензионерски дом.

**5. Улично осветлување**

Во текот на 2014 година вршено е редовна замена на прегорените светилки во градот и селата. Во градот како и во сите населени места во кои е поставено уличното осветлување продолжено е со континуирано заменување на живини светилки со нови поекономични натриумови светилки. Во изминатата 2014 година заменети се од живини во натриумови 157 светилки. Зклучно со оваа година заменети се околу 70 % од живините во поекономичните натриумови светилки.

Во 2014 год извршено е продолжување на мрежата на уличното осветлување со поставување на нов кабел за улично осветлувањеи тоа во: с. Вакв во должина од 60 м, с. Живалево во должина од 40 м, с.Шлегово во должина од 40 м и замена на оштетен кабел во должина од 40 м, с. Сакулица во должина од 40 м, с. Шоп Рудари во должина од 40 м, с. Туралево во должина од 40 м и замена на скинен кабел во должина од 40 м, населба Мусала во должина од 120 м, и населба Цигански лозја во должина од 40 м, а поради промена на електричните столбови од дрвени во бетонски извршено е демонтажа со поставување на нов кабел 2x16 и тоа во: населба „Бијаџиско" во должина од 400 м , „населба „Цигански лозја" во должина од 120 м, населба „Табачка" во должина од 80 м, с.Кетеново во должина од 120 м, и населба „Мусала" во должина од 160 м.

**6. Санација, реконструкција на културно историски споменици и други објекти во градот и другите населени места во општината**

Во текот на 2014 година давана е финансиска и материјална помош за санација и одржување на повеќе верски објекти во месните заедници и општината.

Во 2014 год во општината се превземени и следниве активности:

- Извршена е реконструкција на Основното училиште во с. Туралево
- Реконструкција на Основното училиште „Кочо Рацин" во Кратово
- Реконструкција ( Втора фаза) на Мултимедијалниот центар (поранешна кино сала ) во Кратово, со уредување на помошните ,подрумски простории
- Реновирање на просториите на ТППЕ Кратово

**7. Изградба на водоводи, реконструкција на стари водови, проширување на филтер станици во општината и изградба на нова филтер станица**

Во текот на 2014 година извршена е изградба на таложник за сирова вода за пиење на м.в. Црни врв со што ке се подобри испораката на поквалитетна вода за пиење на населените места кои се снабдуваат со вода за пиење преку филтерницата на м.в. Црн врв

**8. Изградба и реконструкција на фекална канализација во градот и други населени места во општината**

Во 2014 година продолжено е со втората фаза од уредувањето на речното корито на Кратовска река со реализација на проектот „Изградбата на колекторскиот систем на речното корито на река Кратовска во населено место Кратово" во должина од 1853 м

Со акциониот план извршено е регулирање на речното корито на река Кратовска и тоа:

Делница од с. Кетеново до вливот на Кратовска река во Крива река во должина од 0,5 км

Во с. Куклица извршено е интервентно санирање на патот кој поминува покрај Крива река со пополнување на однесениот дел од патот со соодветен материјал.

**9. Изградба и одржување на локални патишта во општина Кратово**

Во 2014 година извршени се активности на седниве локални и регионални патишта:

-Изградба на локален пат од с. Трновац до врска со Регионален пат Р1205 во должина од 4,3 км

-Тампонирање и асфалтирање на локален пат од с. Каврак за поврзување со Регионален пат П 2232 кој води кон Брана Кнежевово должина од 2.8 км.

-Тампонирање и асфалтирање на пат во с. Туралево ко води од Регионалниот пат Р2247 до манастир св.Петка Параскева во должина од 1,0 км

-Тампонирање и асфалтирање на пат во с.Шоп Рудари кој води од Регионалниот пат П2247 до м.в. Пет кладенци во должина од 2,0 км

-Тампонирање и асфалтирање на Регионален пат 29277 кој ги поврзува с.Коњух со с. Бељаковци во должина од 3,6 км

-Извршено е санирање со современо и трајно решение на свлечиштето на Регионалниот пат П1205 Кратово- Пробиштип.

**10. Доградба и уредување на новите градски гробишта и нивно одржување**

Во текот на 2014 година вршено е уредување на новите градски гробишта со бетонирање на патеки и изградба на нови парцели, гробни места. Вршено е и редовно одржување на градските гробишта со чистење на трева (косење), собирање на отпаден материјал,најлони пластични шишиња , тањири дотраени венци и друг отпаден материјал.

**11. Изградба и уредување на игралишта за спортски активности во општината**

Во 2014 година во оваа област извршени се следните активности:

Извршена е реконструкција на спортското игралиште „Мусала“ со изградба на современи стандардни простории (соблекувални) за натпреварувачите како и трибински простор.

**12. Изработка на проекти- техничка документација за изградба на комунална инфраструктура**

Во текот на 2013 година изработена е техничка документација и тоа:

-Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за дел од Урбана единица 2 ,Урбан блок 8 Кратово, Одлука бр. 07-945/1 од 20.06. 2013 година

-Изградба на ДУП за изградба на колективна зграда за социјални станови во Царина маала

-Основен проект за Градски поазар во Кратово

-Основен проект за парк со паркинг простор и поплочување на тротоари.

-Основен проект за регулација на речно корито на река Кратовска и река Манцева Општина Кратово во должина од 518 м.

- Основен проект за фекална канализација на дел од колектор на град Кратово и крак по река Манцеваво должина од 513,5 м.

-Основен проект за локален пат „Захват на Злетовска брана Кнежево преку м.в. Кајганци до с.Емирица“ во должина од 2,2 км

-Основен проект за локален пат „с.Мушково- м.в. Срато Мушково- с. Којково до спој со пат од с.Злетово до Брана Кнежево“ во должина од 5,6 км

- Основен проект за локален пат „с.Каврак до спој со пат од с.Злетово до Брана Кнежево“ во должина од 2,2 км

12.02. 2015 год
Кратово

ЈП „Кратово“
Директор
Рате Јовановски